Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 214/0306
06.05 20 20 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30 април 2020 година, врз основа на примена жалба од Влатко Секулоски за интернет – порталот „Мактел“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 1 април 2020 година, Влатко Секулоски, поднесе жалба за текстот со наслов „Ова разгалено детиште го зарази цел Карпош!“, објавен на 1 април 2020 година, на интернет – порталот „Мактел“ (www.maktel.mk).

Во жалбата се наведува дека оспорениот текст содржи дискриминација и нарушување на приватноста.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, инициираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со редакцијата на порталот „Мактел“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Одговорниот уредник на медиумот Саше Ивановски посочи дека оспорената информација ја објавиле затоа што јавноста имала право да знае кој е тој што ја ширел заразата и, на тој начин, да им се даде можност на сите кои имале средба со него да можат да одат во самоизолација или да се проверат дали се заразени со Ковид – 19.

*„Ние, како медиуми, треба да работиме за општото добро на јавноста и некогаш треба да предупредиме за опасностите по широката популација било тоа да се сериски убијци, силувачи, ограбувачи, измамници или па ширачи на смртоносни зарази и во тој случај оние кои се опасност за околината немаат право на анонимност“,* наведува Ивановски во одговорот на жалбата, во која, меѓу другото, изрази подготвеност да учествува во покренатиот процес на медијација и, воедно, да објави извинување за начинот на известување за овој случај.

Во комуникацијата со Советот за етика, подносителот на жалбата, Влатко Секулоски, потенцираше дека е задоволен од одговорот и дека е согласен медиумот да се извини и, на тој начин, постапката да се затвори по пат на помирување меѓу страните. Советот го затвори случајот, откако прво констатираше дека интернет – порталот „Мактел“ објавил јавно извинување за оспорениот текст.[1]

Комисијата за жалби се согласи дека позитивно решениот процес на медијација, треба да служи како пример за решавање слични случаи и во иднина.

[1] https://maktel.mk/News.aspx?id=130901

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Во таа насока, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови.

Во исто време, Комисијата ја цени и, во оваа прилика, ја поздравува и подготвеноста на медиумите да ги препознаат, признаат и коригираат пропустите во содржината.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595